ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД ДРИСЛА СКОПЈЕ
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR DEPONIMIN E MBETURINAVE KOMUNALE DRISLLA SHKUP
Бр./ Nr. 02-249/14
18.03 2020 год.
СКОПЈЕ / SHKUP 1

Друштво за производство,трговија и градежни услуги
АЛПИМА ГРАДБА ТИМ ДООЕЛ
Бр. 1803/5
18.03 2020 год.
Струмица

# ДОГОВОР
## за изнајмување градежна машина

Склучен на ден 18-03-2020 година помеѓу следните :

### I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ:

1. **ЈП ДЕПОНИЈА ДРИСЛА Скопје**, бул.„Илинден бр.бб, застапувана од В.Д. директорот, **Коста Начевски**, (во натамошниот текст - Договорен орган) од една страна, и
2. **АЛПИМА ГРАДБА ТИМ ДООЕЛ - Струмица** ул. Сава Ковачевиќ бр.10, со единствен даночен број 4027016524271, застапувано од одговорното лице **Александар Пиперевалиев**, (во натамошниот текст - Носител на набавката).

### II.ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој Договор е набавка на следните услуги:
ИЗНАЈМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНИ МАШИНИ ЗА ИЗГРАДБА НА ПРИСТАПНИ ПАТИШТА И ПЛАТФОРМИ, БУТКАЊЕ, ПЛАНИРАЊЕ И ПОКРИВАЊЕ НА ОТПАДОТ СО ГЛИНА СОГЛАСНО ТЕХНИЧКО ТЕХНОЛОШКИ ПРОЕКТ
Предмет на овој Договор е во согласност со спроведената постапка со преговарање без објавување на оглас за доделување на договор за јавна набавка бр. 02-249/прег/2020 година, согласна доставената понуда и записник од преговарањето со Носителот на набавката

### III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е македонски јазик.
Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

### IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Единечната цена на услугите искажана е во денари и изнесува :

| РБ. | Назив на предметот на набавка | ЕМ | Цена без ДДВ |
|---|---|---|---|
| Изнајмување на градежни машини | | | |
| 1 | Градежна машина БАГЕР гасеничар – јачина мин. 200kw и волумен на утоварна лажица минимум 1,5 до 2м3 или еквивалентно 1ком. | Раб.час | 3.780,00 |
| 2 | Градежна машина БУЛДУЖЕР гасеничар – јачина мин.138kw или еквивалентно 2ком. | Раб.час | 3.780,00 |
| 3 | Камиони Кипер триосовински – носивост над 20 тони (траса на движење утвовар-истовар максимум 1км) или еквивалентно 4ком. | м3 | 108,00 |
| 4 | Комбиниран ровокопач натоварувач – Скип (класа минимум 60kw) или еквивалентно 1ком. | Раб.час | 3.780,00 |
| | | ВКУПНО | 11.448,00 |

Во вкупната вредност на набавка не смее да ја надмине вредноста планирана за оваа набавка 10.500.000,00 денари без пресметан ДДВ. Вредноста на пресметаниот ДДВ

согласно понудата изнесува 1.050.000,00 денари или Вкупна вредност на договорот не поголем со пресметан ДДВ изнесува 11.550.000,00 денари.

## V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Договорот се склучува на определено време за период од **3 (три) месеци** од денот на склучувањето.

## VI. ДИНАМИКА И КОНТРОЛА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

**Член 5**

Мерките преку кои ќе се следи извршување на услугата/те и ќе се смета за задоволително извршена ќе се утврдуваат согласно :

- Мерка на испорачана услуга Дефиниција Стандардно или минимално ниво на извршување.
- Работни часови и количини дефинирани во табелата во Член 3 од договорот по машина.

Договорниот орган ќе потпишува дневен (неделен и месечен) извештај за извршена услуга од страна на Носителот на набавката.

**Член 6**

Времето во кое извршителот на услугата/те е должен да реагира по доставено известување од договорниот орган за отстранување на недостатоците на услугата/те и истите да ги отстрани на задоволство на договорниот орган ќе се врши согласно определениот ранг на услугата во матрицата дадена подолу:
Ранг на услугата Опис на услугата Време на реакција на евентуално настанатиот проблем/дефект Сите известувања во врска со овој Договор се даваат само во писмена форма. Известувањата може да бидат доставени преку пошта или по елктронска пошта. Известувањата ќе се сметаат за ефективни кога ќе бидат потврдени од носителот на набавката но не подолго од **3 (три)** дена од испраќањето.

## VII. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ, ЗАТЕЗНА КАМАТА ЗА ЗАДОЦНЕТО ПЛАЌАЊЕ

**Член 7**

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Носителот на набавката да го врши во рок од **90** дена од денот на приемот на фактурата во архивата на Договорниот орган, на сметка дадена од носителот на набавка.
Прилог на фактурата е уредно заверен дневен (неделен и месечен) извештај.
Во случај Договорниот орган да не ја плати фактурата во договорениот, рок се засметува законска затезна камата во висина определена согласно позитивните законски прописи.

## VIII. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 8**

Носителот на набавката е должен да почне да ја извршува услугата/те на Договорниот орган во рок од **3 (три)** ден од денот на добивање на работен налог на локација која ке ја одреди договорниот орган на целата територија на Депонија Дрисла по претходно добиен распоред и место на извршување од страна на договорниот орган.

## IX. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 9**

Договорниот орган е должен да ги изврши сите потребни дејствија за да биде возможно извршувањето на услугата/те.

## X. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 10**

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Македонија.

## XI. ВИША СИЛА

**Член 11**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## XII. СЕРВИСИРАЊЕ

**Член 12**

Носителот на набавката се обврзува дека во периодот додека се изнајмени градежните машини ќе ги отстрани сите грешки и технички недостатоци кои настанале при нејзино нормално кориетење.

Резервни делови, масла, мазива, гориво и машиновозач за изнајмените градежни машини ги обезбедува Носителот на набавката.

**Член 13**

Со поправката на дефектот треба да се започне во најкраток можен рок, а најдоцна во рок од 24 часа од приемот на пријавата за дефект.

Поправката на дефектот ќе се врши врз основа на писмена пријава доставена од страна на Договорниот орган.

Во случај Договорниот орган да бара итна интервенција писмената пријава се доставува дополнително.

**Член 14**

Поправката на дефектите ќе се врши во сервисот на Носителот на набавката.

## XIII. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 15**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање. Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 (десет) дена, сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

## XIV. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 16**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 17**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 18**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

| Носител на набавката | Договорен орган |
|---|---|
| **АЛПИМА ГРАДБА ТИМ ДООЕЛ** | **ЈП Депонија Дрисла Скопје** |
| Одговорно лице | В.Д. Директор |
| **Александар Пиперевалиев** | **Коста Начевски** |